Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: skopje@novamakedonija.com.mk

# Нема пауза во поставувањето споменици



Еден не е доволно: споменикот на Мисирков на плоштадот „Пела“

**И покрај најавите дека засега ќе се ставаат само тие што се платени и нема да се нарачуваат нови, општината Центар пак ќе распишува конкурс за споменици, меѓу кои и за уште еден од Мисирков**

Уште еден споменик на **Крсте Петков Мисирков** ќе се поставува наскоро во општината Центар, одлучија советниците на последната седница. Иницијативата за тоа е на Македонската академија на науките и уметностите, каде што и треба да биде поставено обележјето на Мисирков. Советниците од СДСМ остро се побунија на идејата општината да ги спонзорира сите што сакаат да постават споменик во Центар. Тие дадоа идеја стариот споменик на Мисирков, кој беше поставен во 2007 година на плоштадот Пела да се премести, односно да се постави во паркчето во дворот на МАНУ. Но градоначалникот **Владимир Тодоровиќ** одговори дека тоа не е можно и затоа е потребен нов конкурс.

Некои советници предупредуваат дека сето тоа ќе предизвика големи трошоци, бидејќи победниците на конкурсот ќе треба да се наградат, може да се одлучи и да се откупат некои трудови, а потоа ништо да не се направи според нив и се да почне одново.

- Не ми е јасно зашто општината треба да го понесе товарот на својот грб кога иницијативата за изградба на овој споменик е на МАНУ? Тие треба да си ги намират трошоците, а не жителите на Центар да плаќаат за исполнување на нечии желби - истакна **Андријана Димитровска**, советничка во општината.

Освен Мисирков, спомен-обележја ќе добијат и **Славко Јаневски** во паркот Жена-борец и **Блаже Коневски** во паркчето кај МАНУ. Но тие немало да ја чинат општината ниту денар, бидејќи ќе биле донација од авторот, академикот Томе Серафимовски.

Градоначалникот Тодоровиќ пред неколку месеци изјавуваше дека ќе има пауза во поставувањето споменици, односно засега ќе се наместат само веќе платените, а другите ќе се оставаат за подоцна, поради економската криза. Деновиве, кога се отвораше новата кујна во градинката „Раде Јовчевски Корчагин“, тој рече дека ќе има нови обележја и во меѓувреме бидејќи општината нема да ги плати, но не спомена ништо за тоа дека ќе се прави уште еден споменик на Мисирков.

**А.М.Д.**